УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 81
UDC 82
UDC 008

ISSN: 2545-3998
DOI: 10.46763/palim

# ПАЛИМПСЕСТ

МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИЧКИ, КНИЖЕВНИ И КУЛТУРОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

# PALIMPSEST

INTERNATIONAL JOURNAL FOR LINGUISTIC, LITERARY AND CULTURAL RESEARCH

PALMK, VOL 8, NO 16, STIP, 2023

ГОД. VIII, БР. 16
ШТИП, 2023

VOL. VIII, NO 16
STIP, 2023

# ПАЛИМПСЕСТ

**Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања**

# PALIMPSEST

**International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research**

**Год. 8, Бр. 16**
**Штип, 2023**

**Vol. 8, No 16**
**Stip, 2023**

**PALMK, VOL 8, NO 16, STIP, 2023**

**DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM23816**

**ПАЛИМПСЕСТ**
Меѓународно списание за лингвистички, книжевни
и културолошки истражувања

**ИЗДАВА**
Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Ранко Младеноски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР**
Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД
Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, Македонија
Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, Македонија
Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација
Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација
Астрид Симоне Хлубик, Универзитет „Крал Михаил I“, Романија
Алина Андреа Драгоеску Урлика, Универзитет „Крал Михаил I“, Романија
Сунчана Туксар, Универзитет „Јурај Добрила“ во Пула, Хрватска
Саша Војковиќ, Универзитет во Загреб, Хрватска
Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија
Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија
Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција
Озтурк Емироглу, Универзитет во Варшава, Полска
Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија
Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија
Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Република Франција
Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Република Франција
Регула Бусин, Швајцарија
Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија
Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија
Шахинда Езат, Универзитет во Каиро, Египет
Џулијан Чен, Универзитет Куртин, Австралија

**PALIMPSEST**
International Journal for Linguistic, Literary
and Cultural Research

**PUBLISHED BY**
Goce Delchev University, Faculty of Philology, Stip

**EDITOR-IN-CHIEF**
Ranko Mladenoski

**EDITORIAL BOARD**
Victor Friedman, University of Chicago, USA
Tole Belcev, Goce Delchev University, Macedonia
Nina Daskalovska, Goce Delchev University, Macedonia
Alla Sheshken, Lomonosov Moskow State University, Russian Federation
Olga Pankina, NGO Macedonian Cultural Centre, Russian Federation
Astrid Simone Hlubik, King Michael I University, Romania
Alina Andreea Dragoescu Urlica, King Michael I University, Romania
Sunčana Tuksar, Juraj Dobrila University of Pula, Croatia
Saša Vojković, University of Zagreb, Croatia
Sándor Czegledi, University of Pannonia, Hungary
Éva Bús, University of Pannonia, Hungary
Husejin Ozbaj, GAZİ University, Republic of Turkey
Öztürk Emiroğlu, University of Warsaw, Poland
Elena Daradanova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Ina Hristova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Joseph Ponniah, National Institute of Technology, India
Sathyaraj Venkatesan, National Institute of Technology, India
Petar Penda, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Danilo Capasso, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Meta Lah, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Namita Subiotto, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Ana Pellicer Sanchez, The University of Nottingham, United Kingdom
Michael Greaney, Lancaster University, United Kingdom
Tatjana Durin, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Diana Popovic, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Jean-Paul Meyer, University of Strasbourg, French Republic
Jean-Marc Vercruysse, Artois University, French Republic
Regula Busin, Switzerland
Natale Fioretto, University of Perugia, Italy
Oliver Herbst, University of Wurzburg, Germany
Chahinda Ezzat, Cairo University, Egypt
Julian Chen, Curtin University, Australia

**РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ**
Луси Караниколова-Чочоровска
Толе Белчев
Нина Даскаловска
Билјана Ивановска
Светлана Јакимовска
Марија Леонтиќ
Јована Караникиќ Јосимовска
Натка Јанкова-Алаѓозовска

**ЈАЗИЧНО УРЕДУВАЊЕ**
Ранко Младеноски (македонски јазик)
Весна Продановска (англиски јазик)
Толе Белчев (руски јазик)
Билјана Ивановска (германски јазик)
Марија Леонтиќ (турски јазик)
Светлана Јакимовска (француски јазик)
Јована Караникиќ Јосимовска (италијански јазик)

**ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК**
Славе Димитров

**АДРЕСА**
ПАЛИМПСЕСТ
РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
п. фах 201
МК-2000 Штип

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

Меѓународното научно списание „Палимпсест“ излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Трудовите во списанието се објавуваат на следните јазици: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, турски јазик и италијански јазик.
Трудовите се рецензираат.

**EDITORIAL COUNCIL**
Lusi Karanikolova-Chochorovska
Tole Belcev
Nina Daskalovska
Biljana Ivanovska
Svetlana Jakimovska
Marija Leontik
Jovana Karanikik Josimovska
Natka Jankova-Alagjozovska

**LANGUAGE EDITORS**
Ranko Mladenoski (Macedonian language)
Vesna Prodanovska (English language)
Tole Belcev (Russian language)
Biljana Ivanovska (German language)
Marija Leontik (Turkish language)
Svetlana Jakimovska (French language)
Jovana Karanikik Josimovska (Italian language)

**TECHNICAL EDITOR**
Slave Dimitrov

**ADDRESS**
PALIMPSEST
EDITORIAL COUNCIL
Faculty of Philology
Krste Misirkov 10-A
P.O. Box 201
MK-2000, Stip

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

The International Scientific Journal “Palimpsest” is issued twice a year in printed form and online at the following website of the web portal of Goce Delcev University in Stip: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish and Italian language.
All papers are peer-reviewed.

## СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS

11 **ПРЕДГОВОР**
Сунчана Туксар, член на Уредувачкиот одбор на „Палимпсест“
**FOREWORD**
Sunčana Tuksar, member of the Editorial Board of Palimpsest

**ЈАЗИК / LANGUAGE**

15 **Rossella Montibeler**
QUOTIDIANI ITALIANI E COVID-19: L’INFLUSSO DELLA PANDEMIA SULLA LINGUA
**Rossella Montibeler**
ITALIAN NEWSPAPERS AND COVID-19: THE PANDEMIC’S IMPACT ON THE LANGUAGE

25 **Sevda Kaman, Şeyma Ebru Koca, Nur Kılıçaslan, Muhammed Durmaz**
SEKSENLİ YILLARDAN GÜNÜMÜZE DEĞİŞEN ÖĞRENCİ ARGOSU
**Sevda Kaman, Şeyma Ebru Koca, Nur Kılıçaslan, Muhammed Durmaz**
STUDENT SLANG AND THE CHANGE IN STUDENT SLANG FROM THE EIGHTIES TO THE PRESENT

45 **Jonida Cungu, Teuta Toska**
PREPOSITIONS FROM A SEMANTIC POINT OF VIEW

57 **Blerta Ceka, Gëzim Xhaferri, Biljana Ivanovska**
DIE SOZIALE BEDEUTUNG VON ANGLIZISMEN IN DER DEUTSCHEN JUGENDSPRACHE: EINE VERGLEICHENDE ANALYSE ZWISCHEN ‘DER STANDARD’ UND ‘COOL MAGAZIN’
**Blerta Ceka, Gëzim Xhaferri, Biljana Ivanovska**
THE SOCIAL SIGNIFICANCE OF ANGLICISMS IN GERMAN YOUTH LANGUAGE: A COMPARATIVE ANALYSIS BETWEEN ‘DER STANDARDAND’ AND ‘COOL MAGAZIN’

67 **Марија Стојаноска, Виолета Јанушева**
СЛОЖЕНИТЕ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ ВО НАСЛОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ
**Marija Stojanoska, Violeta Janusheva**
THE COMPLEX VERB FORMS IN THE HEADLINES OF THE MACEDONIAN ELECTRONIC MEDIA

75 **Игор Станојоски**
МИНАТИТЕ ВРЕМИЊА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА РОМАНОТ „ПРАЗНА МАПА“ ОД АЛЕНА МОРНШТАЈНОВА
**Igor Stanojoski**
PAST TENSES IN THE MACEDONIAN TRANSLATION OF THE NOVEL “BLIND MAP” BY ALENA MORNŠTAJNOVÁ

**КНИЖЕВНОСТ / LITERATURE**

85 **Марија Ѓорѓиева-Димова**
АПОСТРОФИЧНОТО ПЕЕЊЕ НА КОЧО РАЦИН
**Marija Gjorgjieva-Dimova**
THE APOSTROPHE IN KOCHO RACIN'S LYRIC

97 **Danijela Kostadinović**
COSMOGONIC AND APOCALYPTIC VISION OF THE WORLD IN THE PROSE OF ŽIVKO ČINGO

107 **Mihrije Maloku-Morina**
*SISTER CARRIE*: TRAITS OF DREISER'S SELF-IDENTIFICATION

117 **Turgay Kabak**
BİR KÜLTÜR TAŞIYICISI BİREY OLARAK İMDAT SANCAR VE BAYBURT SAĞDIÇ DÜĞÜNLERİ
**Turgay Kabak**
İMDAT SANCAR AND BAYBURT SAĞDIÇ (BEST MAN'S) WEDDINGS AS CULTURAL HERITAGE

129 **Татьяна Вукелич**
ЛОЛИТА – ИКОНА И ДЕВУШКА С ОБЛОЖКИ
**Tatjana Vukelić**
LOLITA – FROM AN ICON TO A COVER GIRL

**КУЛТУРА / CULTURE**

143 **Dejan Malčić**
IL POSTMODERNISMO NEL CINEMA DI DARIO ARGENTO E BRIAN DE PALMA
**Dejan Malčić**
POSTMODERNISM IN THE CINEMA OF DARIO ARGENTO AND BRIAN DE PALMA

153 **Екатерина Намичева-Тодоровска, Петар Намичев**
РУСКИТЕ АРХИТЕКТИ ВО СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ
**Petar Namichev, Ekaterina Namicheva-Todorovska**
THE RUSSIAN ARCHITECTS OF SKOPJE IN THE PERIOD BETWEEN THE TWO WORLD WARS

**МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА / TEACHING METHODOLOGY**

167 **François Schmitt**
APPROCHE INTERCULTURELLE OU CO-CULTURELLE DE L'ALTÉRITE DANS LE *CADRE EUROPEEN COMMUN DE RÉFÉRENCE POUR LES LANGUES* ET SES OUVRAGES COMPLÉMENTAIRES ?
**François Schmitt**
INTERCULTURAL OR CO-CULTURAL APPROACH TO OTHERNESS IN THE COMMON EUROPEAN FRAMEWORK OF REFERENCE FOR LANGUAGES AND ITS COMPLEMENTARY WORKS?

179 **Anastazija Kirkova-Naskova, Ivana Duckinoska-Mihajlovska**
EXPLICIT INSTRUCTION OF PRONUNCIATION LEARNING STRATEGIES AND WORD-STRESS RULES: EXAMINING LEARNERS' REFLECTIONS FROM DIARY ENTRIES

191 **Mirvan Xhemaili, Hysen Kasumi**
TEACHERS' PERCEPTIONS OF THE IMPORTANCE OF LINGUISTICS IN THE TEACHING OF SPEAKING SKILLS IN EFL – A CASE STUDY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

203 **Andrea Frydrychová**
PRAGMATISCHE PHRASEME IN AUSGEWÄHLTEN DAF-LEHRWERKEN FÜR DIE NIVEASTUFE A1
**Andrea Frydrychová**
PRAGMATIC PHRASEMES IN SELECTED GFL TEXTBOOKS FOR THE LEVEL A1

215 **Marsela Likaj, Ema Kristo**
VERMITTLUNG LITERARISCHER TEXTE IN BÜCHERN UND METHODEN ZUM ERLERNEN EINER FREMDSPRACHE (AM BEISPIEL DER DEUTSCHEN SPRACHE)
**Marsela Likaj, Ema Kristo**
TRANSMISSION OF LITERARY TEXTS IN BOOKS AND METHODS FOR FOREIGN LANGUAGE LEARNING (THE CASE OF THE GERMAN LANGUAGE)

**ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS**

229 **Весна Мојсова-Чепишевска**
ШОПОВ ЦЕЛ ЖИВОТ СЕ ЗАЛАГАШЕ МАКЕДОНИЈА ДА ЗРАЧИ ВО КУЛТУРНИОТ МОЗАИК НА СВЕТОТ
**Vesna Mojsova Chepishevska**
SHOPOV, THROUGHOUT HIS ENTIRE LIFE, HAS STANDED FOR MACEDONIA TO RADIATE IN THE CULTURAL MOSAIC OF THE WORLD

241 **Биљана Рајчинова-Николова**
ВИСТИНСКО УПАТСТВО ЗА КРИТИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА МАКЕДОНСКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО 19 ВЕК (КОН *МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА КРИТИКА ВО XIX ВЕК* ОД СЛАВЧО КОВИЛОСКИ, СКОПЈЕ, ИМЛ, 2022)
**Biljana Rajčinova-Nikolova**
A REAL GUIDELINE FOR THE CRITICAL SKILLS OF THE MACEDONIAN INTELLIGENCE IN THE 19TH CENTURY (TOWARD TO *MACEDONIAN LITERARY CRITICISM IN THE XIX CENTURY* BY SLAVČO KOVILOSKI, SKOPJE: IML, 2022)

253 **Иван Антоновски**
ДОРЕЧУВАЊЕ ЗА АНТЕВОТО И АНТЕВСКОТО ПЕЕЊЕ И МИСЛЕЊЕ СО НОВИ ИСЧИТУВАЊА
**Ivan Antonovski**
DISCLOSURE ON POETRY AND THE OPINION OF ANTE POPOVSKI WITH NEW READINGS

265 **Лидија Камчева Панова**
„ВОВЕД ВО АНАЛИЗА НА ДИСКУРС“ – ПЕРСПЕКТИВИ И ПРЕДИЗВИЦИ
**Lidija Kamceva Panova**
“INTRODUCTION TO DISCOURSE ANALYSIS” – PERSPECTIVES AND CHALLENGES

**ДОДАТОК / APPENDIX**

273 ПОВИК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ТРУДОВИ
ВО МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО СПИСАНИЕ „ПАЛИМПСЕСТ“
CALL FOR PAPERS
FOR THE INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL “PALIMPSEST”

UDC 821.163.3-95.09”18”(049.3)
DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM23816249rn

Стручен труд
Theoretical paper

# ВИСТИНСКО УПАТСТВО ЗА КРИТИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА МАКЕДОНСКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО 19 ВЕК

(Кон *Македонската книжевна критика во XIX век* од Славчо Ковилоски, Скопје, ИМЛ, 2022)

**Биљана Рајчинова-Николова**
Институт за македонска литература, Скопје
b_rajcinova@yahoo.com

**Апстракт:** Во науката веќе станува општ факт дека постои недостаток од емпириско проучување на развојот на македонската книжевна критика и критичка мисла во 19 век. Тој недостаток преку расветлување и приопштување на повеќе од педесетина автори и авторки и над сто и педесет критички остварувања ќе се обиде да го пополни Славчо Ковилоски преку неговата книга *Македонската книжевна критика во XIX век,* покажувајќи го и континуитетот и „постоењето на македонската книжевна критика во 19 век, како начин на толкување, проучување и давање оценка за книжевните дела“ (Ковилоски, 2022, стр. 37).

**Клучни зборови**: *македонска книжевна критика, критичка мисла, Славчо Ковилоски, периоди, фази, типологизација, 19 век.*

## 1. Почетоци и развој на македонската книжевна критика во 19 век - пионерска мисија на Ковилоски

Кога се зборува за македонската книжевна критика не може а да не се проговори и за нејзините почетоци, не може а да не се потенцираат и неколкуте важни периоди и фази на развој до она што таа денес претставува. И токму желбата да се проговори и за почетоците и за развојот на македонската книжевна критика е мотив Славчо Ковилоски да зарони во една до сега недоволно истражена материја – развојот на македонската книжевна критика во 19 век, а со тоа и на македонската критичка мисла. Од друга страна, пак, се чини дека еден од клучните моменти Ковилоски да се зафати со истражувањето на развојот на македонската книжевна критика во 19 век била размислата (која подолг период тлеела во него), дека македонската книжевна критика во 20 век не е појавена ад хок (туку дека таа има свој континуитет уште во 19 век), како и недостатокот од емпириско проучување на развојот на македонската критичка мисла во 19 век, бидејќи таа „не била предмет на подетални истражувања поради мислењето дека тогаш бил зародишот или дека воопшто ја немало и освен поопширните согледувања на Старделов, Друговац и Миронска-Христова, другите обиди за продлабочена систематизација и анализа на македонската критичка мисла во 19 век се

многу ретки“ (Ковилоски, 2022, стр. 12). И како позитивен реакциски ефект на ваквата размисла и на желбата за пополнување на недостатокот од емпириско проучување на развојот на македонската книжевна критика и критичка мисла во 19 век, е книгата *Македонската книжевна критика во XIX век* од Славчо Ковилоски, која како издание на ИМЛ во 2022 година излезе од печат. Тоа е книга која и со својата содржина и со рецензијата напишана од проф. д-р Валентина Миронска-Христова, во која таа истакнува дека: „со овој свој научен труд авторот Славчо Ковилоски пополни една празнина во нашата литературна историја, која е неопходна за проучување на развојот и на континуитетот на македонската литература како и на науката за литературата и за културата воопшто“ (Миронска-Христова, цитирана од Ковилоски, 2022, стр. 263), во кругот на македонската научна јавност и пошироко, предизвика нагласен интерес. Имено, книгата, чиј наслов фрла силен сноп светлина и врз пионерската мисија на Ковилоски, раскажува „многу за епохата“, и пополнува една празнина во низата податоци кои го сочинуваат летописот на развојот/животот на македонската книжевна критика во 19 век.

Голема е честа да пишувам, односно да дадам едно свое видување за книгата *Македонската книжевна критика во XIX век* на Славчо Ковилоски, а секако и да кажам збор-два за авторот кој не само што повеќе од две децении активно е присутен на македонската книжевна и научна сцена, туку е речиси подеднакво успешен и во разновидните книжевни жанрови, но и во полето на науката. Ковилоски е познат поет, раскажувач, прозаист, културолог, но и заинтригиран македонски книжевен историчар и научен работник (еден од ретките македонски истражувачи што работат на проблематиката на 19 век), кој во своите (книжевни и научни) дела го собира минатото, сегашноста и иднината во едно единствено време, македонско време. Оттука, оној кој денес добро ги познава неговите поетски, раскажувачки, прозни и научни дела тешко дека ќе утврди дали една од овие активности за него е главна, а другите споредни. Тука, пред сè, би го нагласила неговиот талент, широката наобразба и култот кон знаењето што го негува тој во сите сегменти на неговото творештво – од песната преку расказот до прозата, како и неговата истражувачка инвентивност како научник. Станува збор за личност која ја обележува не само македонската туку и европската и светската книжевна и научна сцена во првите две децении на 21 век. Имајќи ги предвид неговите најнови дела, како поет *Компјутерска поезија* (2020), како раскажувач *Лоша тетка и други раскази* (2013), како прозаист *Синот и кралот* (2011), како македонски книжевен историчар *Од Прличев до Конески* (2020) и секако *Македонската книжевна критика во XIX век* (2022), сигурни сме дека и натаму ќе ја предизвикува љубопитноста и на научната јавност и пошироко. Оттука, пред да се осврнам кон книгата која ја восприемам како една новина во македонската наука за литературна историја, а воедно и во македонската наука за литература и култура, и да истакнам што сè таа проблематизира, какви сфаќања, прашања и одговори Ковилоски прокламира и дава за една мошне малку позната, но доста влијателна критика – книжевната критика во 19 век, чувствувам потреба и должност да искажам нужен респект кон

творечкиот профил на Ковилоски, наградуван со престижни книжевни награди[1] и да нагласам дека Ковилоски колку и да е имагинативен поет, раскажувач, прозаист, пред сѐ е научник – книжевен историчар со свое име и презиме. Својата научна работа како книжевен историчар Ковилоски ја остварува на линијата на која овие области може да имаат допирни точки. Тој своевиден спој го прават научните, фактографските и архивските елементи, документарниот карактер на изложената материја, каде што „појдовна точка е конкретниот податок", видливо во книгата *Македонската книжевна критика во XIX век* во која неговиот книжевно-историски пристап, толкувања и реакции за одделни книжевни критички процеси и појави, денес ја имаат историската улога на изворни и неповторливи заложби во профилирањето и во афирмацијата на македонската книжевна критика во 19 век.

## 2. *Македонската книжевна критика во XIX век* – „Синтези", „Анализи" и „Заемни односи"

Книгата *Македонската книжевна критика во XIX век* ја сочинуваат три дела („Синтези", „Анализи", и „Заемни односи") кои се функционално поврзани и преку 269 страници чинат една нераскинлива целина низ која Ковилоски студиозно, длабински и научно навлегува во книжевно-критичкиот деветнаесетти век и ги истражува и афирмира од еден поспецифичен ракурс појавите, тенденциите, влијанијата и процесите на развојот на книжевната критика во 19 век (служејќи се со богата теоретска литература, како во домашни (сознанијата на Ќулафкова, Аврамовска, Старделов, Друговац...) така и во светски рамки (сознанијата на Барт, Пажо, Норт, Адорно...). При тоа Ковилоски предвид ги зема целокупните политички, општествено-историски и социо-културни настани и процеси што се одвивале на македонска територија во 19 век, а се рефлектирале и врз развојот на книжевната критика и критичката мисла. Основната намера на Ковилоски е да се долови и постоењето на книжевно-критичката атмосфера во 19 век легитимирана со факти и архивски материјали од тоа време, а тие 'исечоци од стварноста во 19. век' се тука во книгата за да ја потврдат веродостојноста и на анализираното, и на опишаното, и на запаметеното и во сегашноста да го покажат континуитетот на македонската книжевна критика во 19 век. Ковилоски со цел да укаже на општите тенденции на развојот на книжевната критика применувајќи го синтетичко-аналитичкиот метод расветлува и приопштува повеќе од педесетина автори и авторки и над сто и педесет критички остварувања (за кои авторот нуди и своја класификација), а при претставувањето на појавата и артикулирањето на развојот на македонската книжевна критика во 19 век го користи интердисциплинарниот пристап кој инкорпорира сознанија од историјата, книжевноста, образованието, лингвистиката, фолклорот, имагологијата. Авторот ги сумира сите релевантни извори што може да послужат во надоградувањето на оваа проблематика

[1] Ковилоски е добитник неколку награди: „3 Ноември" и „Големата мајка" за дела од областа на образованието и науката и „Григор Прличев" за поема. Во 2018 година ја добил државната награда „Гоце Делчев" за особено значајно остварување од интерес на Република Македонија во областа на науката.

(предвид ги зема и сознанијата за заемните односи со останатите балкански истории, па истражувањето е надополнето и со компаративно проучување), што значи дека книгата претставува корисна литература за сите оние што се занимаваат со оваа проблематика, но и предизвик за натамошни истражувања, затоа што Ковилоски потенцира дека: „бројот на презентираните автори и дела ни одблизу не е конечен и дефинитивен, остануваат низа отворени можности за дополнително зголемување на квантумот на критички опсервации“ (2022, стр. 23). Граѓата до којашто Ковилоски можел да дојде, архивските и фактографските материјали (ја градат содржината на книгата од самиот почеток до крајот и претставуваат „клуч за разбирање на критичкиот текст“ (Ќорвезироска, 2019), во книгата сами по себе извршуваат голем дел од работата што Ковилоски би морал сам да ја изврши – убедување на читателот во континуитетот на македонската книжевна критика во 19 век. При тоа речиси секогаш тргнува од почетното (досега неоткопаното), држејќи се до принципот на „почетно откривање на невидливото и постепено насочување кон видливото“ (Тодоровски, 1983, стр. 385). Оттука, сметам дека книгата претставува едно ‘мајсторско откопување на закопаното’ и актуализирање на развојот на книжевната критика во 19 век и на настаните поврзани со неа, и овозможува еден поинаков начин на пренесување на историското, факциското, архивското, документарното, што придонесува за нов начин на негување на континуитетот на македонската книжевна критика во 19 век како „култура на паметењето“ (Шелева, 2001).

Ковилоски во книгата отвора и дава концизни и аргументирани одговори на многу клучни прашања како: „дали мкк во 19 век можеме да ја сметаме само како зародиш и рефлекс или станува збор за изградена критичка мисла создавана според одредена методологија, што сè влегува во таа книжевна критика, кои се нејзините најзначајни претставници, дали и колку се успешни авторите во нивните критички обиди, дали и колку македонската критика ги следи тековите на тогашната современа балканска критика?“ (Ковилоски, 2022, стр. 12), а преку одговорите, кои наѕираат уште во првиот дел, Ковилоски го побива доскорешното мислење дека критичкото дело на Рацин со некои свои импулси стои како зародиш на македонската критичко-литературна мисла и нудејќи еден поглед кон „предрациновиот период“ (Ковилоски, 2022, стр. 11), покажува дека таква критичко-литературна мисла има длабок корен уште во 19 век. Имено, во првиот дел од книгата насловен „Синтези“, Ковилоски автентично и со изострен научен нерв проговорува, односно настојува да даде општи назнаки на појавата, развојот и структурата на македонската книжевна критика во 19 век. Оттука, авторот поаѓајќи од општите согледби за македонската книжевна критика во 19 век и преку согледбата за нејзините развојни процеси, на актуелната проблематика и приоѓа доста мудро со провокативно прашање односно тој не прашува „Зошто немало македонска книжевна критика во 19 век?“, туку прашува „Дали постоела македонска книжевна критика во 19 век?“ (Ковилоски, 2022, стр. 23). Трагајќи по одговорот Ковилоски користејќи го книжевно-историски пристап надополнет со теоретска елаборација го започнува процесот на

„откопувањето на закопаното“ (2022, стр. 23), при што на виделина како поткрепа на потврдниот одговор изнесува повеќе од педесетина имиња на автори и авторки и открива повеќе од 150 критички текстови и неколку монографски изданија и преку анализа на критичките текстови прави систематизација, периодизација (при што ги проследува неколкуте важни фази од развојот на книжевната критика во 19 век) и типологизација на македонската книжевна критика од 19 век. При тоа развојот на македонската книжевна критика во 19 век го проследува низ два периода. Првиот период - „Период на зачетоци и утврдување“, чии специфичности се „учењето на народен јазик и присуството на фолклорот во книжевните дела и критиката“ (Ковилоски, 2022, стр. 83), сочинет од: прва фаза – зачетоци (1839–1861) и втора фаза – утврдување (1861–1891). Вториот период - „Период на полн процут и на востановена критика“, чии специфичности се педантноста при анализата, односно внимателноста при читањето и претставувањето на делото, се забележуваат и влијанијата на импресионизмот и реализмот, а се поведува сметка и за естетиката на народното творештво наспроти естетиката на личните творби“ (Ковилоски, 2022, стр. 83), сочинет од трета фаза - полн процут (1891-1903), и четврта фаза со востановена критика и стабилизација на критичката мисла (1903-1912). И според Ковилоски „последната година не е случајна, бидејќи тоа е времето кога сметаме дека завршува поглавјето на македонската книжевност кое можеме да го врамиме во 19 век. Станува збор за време кое би можеле да го наречеме конститутивен период на македонската критика“ (Ковилоски, 2022, стр. 14). Во напорот да го оправда должното внимание што македонската книжевна критика во 19 век треба да го има и денес, Ковилоски тука дава и еден аргументиран поглед кон македонската книжевна критика од 19 век сублимирајќи ги тековите, авторите и делата, преку жанровската поделеност на книжевно-биографски црти, рецензии, предговори, научно-есеистички трудови и други критички текстови, потенцирајќи го и градењето на есеистичката и полемичката сцена, односно на појавата на есеите и полемиките. Впечатливо е што авторот се задржува на првиот регистриран полемички текст во кој учество заземала и македонската жена (Евтимица Јанчева, во одбрана на учителките), со што авторот го покажува и правото на жената да дејствува, да се именува себеси, не само како родов, туку и како културолошки и историски субјект, што оди во прилог на кревањето на критичката свест. И сосема легитимно Ковилоски потенцира дека: „Нормативната критика, морална и/или логична од првата половина на 19 век, кон крајот на истиот век постепено се заменува со уметничка, што доведува до книжевни полемики, расправи и преписки што биле објавувани на страниците на весниците *Новини, Вести*, *Зборник на народни умотворби и книжнина, Светлина, Македонија, Дебарски глас* итн.“ (Ковилоски, 2022, стр. 243).

Ковилоски, од друга страна, пак, ги отвора прашањата: во каква форма македонската книжевна критика во 19 век била изнесувана, кон кого била упатувана, како и кого го издигнувала, а како и кого можела да го уништи, односно намерата на Ковилоски, видливо во вториот дел

од книгата - „Анализи", е и преку соодветни примери да ни го долови карактерот и смислата на критичката порака, но едновремено да сугерира и еден можен начин на нејзиното доживување. Имено, вториот дел кој е и најобемен, претставува вистинско 'упатство во критичките способности' на македонската интелигенција во 19 век и претставува една подетална анализа на развојот на книжевна критика во 19 век. Тука Ковилоски ги проследува критичките остварувања продуцирани во 19 век, при што повеќе е импресионист отколку научник-книжевен историчар, кој комуницирајќи со критичките остварувања на авторите, запознавајќи ги најдлабоките слоеви на квалитетот на делата, го утврдува 'погледот кон светот на авторите'. Така на почетокот навлегува во подетална анализа на појавата на македонската книжевна критика во 19 век, преку изложувањето на критиката за делата на браќата Миладиновци и на Григор Прличев и тоа преку формите на книжевно-историски осврти (биографии наспроти критика), во кои доминира биографизмот. Понатаму авторот се фокусира на првите критички обиди, односно на научната и на критичко-есеистичката дејност на првите македонски критичари, како: Синаитски преку првиот предговор кон *Утешение грепшним* од Кирил Пејчиновиќ. Понатаму преку Константин Петкович, авторот на првата регистрирана рецензија „Зора југославјанска од Радослав Разлаг" во македонската книжевност, па преведувачката активност на Трајко Китанчев, и преведувачката дејност на Климент Караѓулев, а инкорпорирајќи ги сознанијата од имагологијата во согласност со размислувањето на Бахтин дека: „една култура само во очите на другата култура себеси може целосно да се осознае" (Бахтин 1991, стр. 65), ги предочува критичките процеси во еден поширок интеркултурен контекст и ги отвора прашањата за интеркултурниот дијалог. Ковилоски ги споменува и јазичните погледи на Партение Зографски, прашањата од јазикот и фолклористиката на Кузман Шапкарев, медиевистот Георги Баласчев, предговорите на Константин Миладинов, Рајко Жинзифов како прв биограф на браќата Миладиновци, Глигор Прличев, богатиот критички опус на велешаните Иван Ѓоргов и Димитар Матов, биографските осврти на Јордан Иванов, рационалистот Григор К. Алексиев, критичките опсервации на Стефан Поп-Иванов Македонович, потрагата по естетиката и архетипот на Христо Поп-Стоилов, Крсте Мисирков и неговото чувство за природните и естетските карактеристики на идниот кодифициран македонски јазик, кратките новинарски осврти на Евтим Спространов и на Иван К. Божинов итн. При приказот на овие текстови, Ковилоски прави едно т.н. откопување на невидливото и насочување кон видливото што впрочем и Гане Тодоровски го правеше: „се држам до принципот на почетно откривање на невидливото, неуловливото и постепено насочување кон видливото" (Тодоровски, 1983, стр. 385). И ете го оној принцип на Тодоровски на откривање, во конкретниот случај 'принцип на откопување на закопаното' што го има и кај Ковилоски, кој е свесен дека: „Некои од наведените текстови имаат само мала допирна точка со книжевната критика. Едновремено некои од нив можеби и не ги задоволуваат денешните критериуми за критика, но сепак

заслужуваат внимание поради стилот и структурата на речениците, како и поради очигледните намери на авторите да се обидат да дадат свој критички придонес во македонските општествени, образовни и културни прилики“ (Ковилоски, 2022, стр. 265).

Како потврда на ова Ковилоски ни нуди извадоци од македонската критичка сцена со фокус на Жинзифов (како критичар на западната мисла, поразија), Прличев (во улога и на преведувач и на критичар), интеркултурните средби/врски преку посетата на Димитар Ризов на Толстој. Посебна специфика на Ковилоски е тоа што тој преку текстот „Дали на Македонска крвава свадба на Војдан Чернодрински ѝ биле потребни книжевни критичари?“, вешто умее да ја актуализира моќта на публиката ставена во улога на критичар, која во согласност со тезите на културолошките студии публиката е онаа која одредува (нејзината моќ на допаѓање, нејзината потреба), каков културен медиумски производ треба да се пласира, и која во случајот го поддржува есенцијалистичкиот концепт на идентитет[2], што ми овозможува да констатирам дека и Ковилоски успешно го пласира есенцијалистичкиот концепт на идентитет низ страниците во книгата. Згора на сето тоа Ковилоски изнесува на виделина уште неколку интересни проблесоци, чии епилози може да се препознаат и денес. Од една страна ја претставува релацијата критичар-критикуван евидентирана преку бесот на критичарот (чија критика се основа како неодржлива) и на критикуваниот именувана како „Случајот Битраков“, а од друга страна, пак, ни ја претставува релацијата автор – критичар – политика, евидентирана и преку моќта и авторитетот на авторот со стекнато име и во книжевноста и во политиката, како и преку моќта на авторот и врз критичарот и врз критичката мисла насловено како „За авторитетот на авторот врз критичарот: Случајот Дејков“, нешто како што и самиот автор вели: „не е непознато и денес“ (2022, стр. 180). Оттука може да се констатира дека Ковилоски врз основа на (материјалите во периодиката) го утврдува постоењето на еден солиден критички и есеистички однос кон објавените дела во 19 век, како и кон појавите и процесите на развој на македонската културна и книжевно критичка сцена од овој период.

Ковилоски од трета страна, пак, ги актуализира прашањата кои отвораат простор за увид во рецепцијата на македонската книжевна критика од 19 век и упатуваат на оние конструктивни елементи на творечкото кои не мора секогаш да бидат истакнати на рамништето што го означува графијата на текстот, а намерата на Ковилоски е да го покаже неодминливото значење на критиката во 19 век, нејзиното влијание во одржувањето на критичарскиот континуитет во современата македонска литература, видливо во третиот дел од книгата - „Заемни односи“. Задоволството од книгата е уште поголемо кога ќе се констатира дека кај Ковилоски тој негов импресионизам (видлив во вториот дел), тука во третиот дел е уште повеќе истакнат и преминува во инструктивност, односно во овој трет дел навлегувајќи длабоко во

[2] Според есенцијалистичкиот концепт на идентитет „Идентитетот е вграден во темелите на личноста и не може да се менува“ (Barker, 2000, стр. 166).

книжевно-критичкиот 19 век се обидува да ја спрегне науката и импресијата (од критиката) во функција на инструктивноста. Ковилоски тука акцентот го става на вредноста на македонската книжевна критика во 19 век, со што ја проследува преку неколку аспекти, задржувајќи се на: сфаќањето за карактерот и значењето на критиката, каде авторот потенцира дека „станува збор за една инкохерентност во критиката која засега не можеме да ја врамиме во еден цврст систем на струења" (Ковилоски, 2022, стр. 188). Понатаму ја посочува анонимноста во македонската критика, поставувајќи ја како голем и сериозен проблем, присутен не само во македонската туку и воопшто во сите европски и светски литератури, а ја вади на површина и (цело време суптилно присутната низ книгата) релацијата помеѓу критиката и политиката, која дејствува многу моќно и доминантно, односно како што вели Ковилоски: „македонската книжевна критика во 19 век во голема мера ги следи политичките и општествените текови на Османлиската империја, под исклучително влијание на западноевропскиот просветителски, а уште повеќе романтичарски бран" (Ковилоски, 2022, стр. 196).

Опсервирана е и релацијата помеѓу критиката и есеистиката, како и релацијата помеѓу критиката и фолклорот, при што се забележува и импресионистичкиот импулс на Ковилоски од начинот на кој критичарите се однесувале кон фолклорното богатство, кое може да се подведе во согласност со инструктивното кажувањето на Лухман дека: „Се зачувува рувото на зборовите, флоскулите и искуствените поуки, но тие ја менуват и својата способност да ги средуваат искуствата и отвораат нови перспективи" (Luhman 1982, стр. 9).

Понатаму одекнува уште повеќе неговата научност и импресионизам во функција на инструктивноста од/во македонската книжевна критика во 19 век со што ни овозможува да имаме поинакви видици кон македонската книжевна критика во 19 век, отворајќи ја и praзmestuvajќi ја меѓу границата на ‘незнајното и знајното'. Имено, тука Ковилоски ја опсервира до сега незнајната книжевна рецепција и имагологија на и во македонската книжевност преку согледбите, пред сè, за книжевната рецепција и за книжевните одгласи, земајќи ги како доминанти односот кон книгите и претплатништвото. Во согласност со теоријата за рецепција која, според Константиновиќ, „отвора нови хоризонти на проучување" (Константиновиќ, 1978, стр. 26) и трите различни категории на воспримање на едно дело - пасивна, репродуктивна и продуктивна рецепција,[3] воочливо е дека Ковилоски ја актуализира репродуктивната рецепција, која дава можност: да се согледа каква е рецепцијата во книжевната критичка лабораторија во македонската и во туѓите културни средени во 19 век на одредени критички текстови, понатаму дава можност и за еден имаголошки поглед

[3] *Пасивната рецепција* подразбира реакција на литературата од страна на обичните читатели, кои не се занимаваат професионално со книжевните феномени. *Репродуктивната* се состои од: написи, коментари, есеи, писма и други реакции на критичарите, рецензентите или новинарите. *Продуктивната* дејствува преку книжевниците или поетите, кои создаваат ново книжевно дело на темелите или под влијание на други книжевни, филозофски, психолошки, па дури и ликовни дела" (Константиновиќ, 1978, стр. 26).

по однос на (не)егзистерањето и (не)прифаќањето на одредени дела во одредена книжевност, како и за интересот за купување на книги. Ковилоски рецепцијата, односно имаголошкиот поглед на сето ова го опсервира преку проникнувањето во фактичките објави за книжевните одгласи за поемата *Сердарот* од Прличев, за *Зборнико*т на браќата Миладиновци, за песните на Жинзифов, за Чернодрински итн., како и преку појавата и процесите на односот кон книгите и претплатништвото, и притоа потенцира дека: „од големо значење за развојот на македонската литература од 19 век е претплатништвото“ (2022, стр. 233), односно парафразирајќи го Пејчиновиќ заклучува дека: „без помош од претплатниците ништо од книжевноста“ (2022, стр. 239). Ете го Ковилоски, кој својата научна способност ни ја покажува и со импресионистичкото доживување на книжевната рецепција и имагологија на и во македонската книжевност инструктивно нагласувајќи ја вредноста на односот кон книгата и значењето на претплатништвото како полезни медиуми во развојот на македонската книжевна критика во 19 век. Оттука може да се констатира дека Ковилоски умее импресионирачки да го наметне својот научен сензибилитет, а инструктивно книжевно-историската моќ на зборот.

**3. Заклучок**

Заклучно може да се каже дека во општиот тек на развојните книжевно-критички процеси и превирања, од уводните текстови во првиот дел каде што се ставени во заемен соднос минатото, сегашноста и иднината, преку ‘инспиративните’ текстови во вториот дел па сѐ до ‘инструктивните’ во третиот дел, личните согледувања на Ковилоски за појавата и развојот на македонската книжевна критика и критичката мисла во 19 век се проткајуваат, надградуваат, и ја потврдуват тезата дека: „постои македонската книжевна критика во 19 век, која не е ниту во самиот зародиш, ниту со дисконтинуитет, ниту сиромашна, ниту скудна само со пет автори“ (Ковилоски, 2022, стр. 25), односно дека „не може да се зборува за дисконтинуитет на македонската култура, литература и критика“ (Ковилоски, 2022, стр. 266). Срцевината на целата книга се наоѓа во констатацијата дека Ковилоски преку откопувањето (оттргнувањето од заборавот) на бројните имиња на автори, дела, критички одгласи од весниците и списанијата во книгата, со книгата која ги елаборира почетоците на книжевната критика во 19 век, и како таква претставува ‘документ на едно време, но и документ на една критичко-творечка еволуција’ ѝ даде живот на македонската книжевна критика во 19 век, и таа е уште еден прилог плус во мошне оскудната книжевна продукција од овој вид кај нас. Книгата, со која можеме да бидеме горди сите ние, е значајна за македонската книжевна (современа) критика од повеќе аспекти: книгата како пробив во книжевно-критичкиот свет на 19 век дава јасна слика за развојот и континуитетот на македонската книжевна критика и критичка мисла во 19 век; како посредник и афирматор на исклучителни автори и дела од 19 век и на нивните специфични критички постапки и оригинални вредности таа ја приближува и ја презентира македонската книжевна критика и критичка

мисла од 19 век денес и претставува потврда за нашиот културен и национален идентитет; книгата е документ - непосредно сведоштво за постоењето на македонската книжевна критика во 19 век, а од денешен аспект претставува едно т.н. „културно паметење кое е клучно во создавањето на идентитетот" (Шелева, 2005, стр. 139), и што е доста важно книгата не се состои само од механички натрупани артефакти, туку од една промислена селекција на авторот, или, уште попрецизно „политика на паметењето" (2001, стр. 139), видена во рамноправно учество на историското, фактичкото, архивското. Кај нас ретки се вакви книги што се одликуваат со таква непосредност во соопштувањето како што му е ова научно остварувања на Ковилоски кого низ книгата го осознаваме и „како коментатор на внатрешнополитичката проблематика, коментатор на надворешнополитичките прашања и коментатор на прашања од областа на критиката и културата" (Шелева, 2001, стр. 261). Ковилоски во книгата на едно место го проследува развојот на македонската книжевна критика и критичка мисла во 19 век како традиција, континуитет и искуство од кое денешната книжевна критика ги напојува артериите на својата критичка мисла. Токму затоа сметам дека Ковилоски е значајно име на македонската научна сцена како истражувач кој ги проследува и анимира делата и авторите од нашето културно минато од 19 век, и кој со книгата остава неизбришлива трага за постоењето на македонската книжевна критика во 19 век, која претставува „чувар на меморијата која поседува сопствен јазик, места, личности, ликови дела, медиумски приказни, визии и ревизии, полемики, културни и политички идентитети" (Ковилоски, 2022, стр. 25). Неговите согледувања, вреднувања и толкувања на македонската книжевна критика во 19 век успешно го покажуваат нејзиниот континуитет и претставуваат значаен придонес за македонската книжевна критика денес. Оттука, книгата *Македонската книжевна критика во XIX век* и нејзиниот автор Славчо Ковилоски заслужуваа и заслужуваат целосно внимание и респект.

**Библиографија**


[1] Бахтин, М. (1991). *Аутор и јунак у естетској активности.* Нови Сад: Браство-Јединство.

[2] Друговац, М. (1988). *Преглед на македонската литературна критика*. Скопје: Наша книга.

[3] Друговац, М. (1979). *Современи македонски писатели*. Скопје: Наша книга.

[4] Друговац, М. (1969). *Современици.* Скопје: Мисла.

[5] Ѓурчинов, М. (1969). *Македонски писатели*. Скопје: Мисла.

[6] Ковилоски, С. (2022). *Македонската книжевна критика во XIX век*. Скопје: ИМЛ.

[7] Константиновиќ, З. (1978). *Увод у упоредно проучавање књижевности.* Белград: СКЗ.

[8] Мол, Н. (2006). Сликите за „Другиот". Имагологија и интеркултурни студии, *Компаративна книжевност*, Скопје: Магор.

[9] Тодоровски, Г. (1983). *Маќепсан мегдан*. Скопје: Култура.
[10] Ќорвезировска, О. (2019). *Раскажувачки Абраксас; стакатоинтер-претација.* https://lektira.mk/kritika /raskazhuvachki- abraksasstakato-interpretacija/
[11] Шелева, Е. (2001). *Културолошки есеи.* Скопје: Магор.

*

[12] Barker, C. (2000). *Cultural studies, theory and practice.* Buckingham: Open Univ. Press.
[13] Luhmann, N. (1982). *Social systems*. Stanford: Stanford University Press.

**Biljana Rajčinova-Nikolova**
Institute of Macedonian Literature, Skopje

**A Real Guideline for the Critical Skills of the Macedonian Intelligence in the 19th Century**
**(Toward to *Macedonian literary criticism in the XIX century* by Slavčo Koviloski, Skopje: IML, 2022)**

**Abstract**: It is already becoming a general fact in science that there is a lack of empirical study of the development of Macedonian literary criticism and critical thought in the 19th century. Slavco Koviloski will try to fill that gap by illuminating and communicating more than fifty authors and over one hundred and fifty critical achievements through his book *Macedonian Literary Criticism in the XIX Century*, showing the continuity and „the existence of Macedonian literary criticism in the 19th century, as a way of interpreting, studying and evaluating literary works” (Koviloski, 2022: 37).

**Keywords**: *Macedonian literary criticism; critical thought; Slavčo Koviloski; periods; phases; typology; 19th century.*



ГОД. VIII
БР. 16

ПАЛИМПСЕСТ PALIMPSEST

VOL. VIII
NO 16